Врз основа на член 46, 47, 48 и 49 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19, 122/21 и 193/25), согласно Одлуката на Владата на Република Северна Македонија бр. бр. 57-4652/4 од 03.06.2026 година, објавена во Службен весник на Република Северна Македонија бр. 121/26, Комисијата за продажба на движни ствари сопственост на Република Северна Македонија, корисник Државен архив на Република Северна Македонија, ја дава следната

О Б Ј А В А бр. 1/2026

за прва продажба на движна ствар – патничко моторно возило по пат на електронско јавно наддавање

I. ПРЕДМЕТ НА ПРОДАЖБА, ПОЧЕТНА ЦЕНА, ВИСИНА НА БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА И ДАТУМ НА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

1. Предмет на продажба

Предмет на продажба е движна ствар-патничко моторно возило, за старо железо, сопственост на Република Северна Македонија, чиј корисник е Државниот архив на Република Северна Македонија, согласно Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за продажба на движни ствари бр. 57-4652/4 од 03.06.2026 година, објавена во Службен весник на Република Северна Македонија бр. 121/26, и тоа:

Патничко моторно возило марка Renault Laguna, регистарска ознака SK 0615 AC, број на шасија VF1B56J0519609622, број на мотор C055326, година на производство 1999, сила на мотор 72 KW, работна зафатнина на моторот 1870 cm3, боја на каросеријата мет. кафена/8Д, со проценета вредност во денари 14.148,00 денари, без ДДВ, Процена бр. CB/EL V-41/25-7 од 17.12.2025 година.

Возилото е лоцирано во дворот на Државниот архив -Одделение Скопје, на ул. Мосовска бр. 1 Скопје.

Подетални информации можат да се добиваат на тел. 070/447-179.

Јавното наддавање за патничкото моторно возило Renault Laguna, ќе се изврши по пат на електронско јавно наддавање на ден 24.11.2026 година, со почеток во 12.00 часот.

2. Почетна цена на возилото и висина на банкарската гаранција

Продажбата на патничкото моторно возило да се изврши по пат на електронско јавно наддавање преку електронскиот систем за јавно наддавање со кој управува и оперира Министерството за финансии – Управа за имотно – правни работи со проценета вредност

согласно Проценатa од Бирото за процена број СВ/EL V-41/25-7 од 17.12.2025 година во која е проценета вредност на патничкото моторно возило е 14.148,00 денари без ДДВ.

Почетната цена на електронското јавно наддавање е почетната цена согласно проценетата вредност утврдена во Проценатa број СВ/EL V-41/25-7 од 17.12.2025 година од Биро за процена.

Висината на банкарската гаранција за сериозност на понудата за патничкото моторно возило марка Renault Laguna изнесува 2% од висината на почетната цена на електронското јавно наддавање, односно висината на гаранцијата изнесува 282 денари.

II. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество на електронското јавно наддавање имаат сите домашни и странски физички и правни лица кои можат да се стекнат со сопственост на движна ствара – патничко моторно возило.

Почетна сума на јавното наддавање за патничко моторно возило марка Renault Laguna е 14.148,00 денари.

III. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА УЧЕСТВО НА ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

Пријавувањето за учество на јавното наддавање се врши електронски на следната интернет страница: www.e-aukcii.finance.gov.mk.

Во прилог подносителот треба да поднесе:

1. Банкарска гаранција за сериозност на понудата во висина од 2% од почетната цена на јавното наддавање, односно висината на гаранцијата за патничкото моторно возило марка Renault Laguna, изнесува 282 денари. Банкарската гаранција се поднесува електронски и во писмена форма во оригинал во архивата во затворено плико со назнака за ,,Комисија за продажба на движна ствар – патничко моторно возило“, на адреса кеј „Димитар Влахов“, бр. 19, 1000 Скопје.

А) за правни лица

2. Тековна состојба од Централен регистар на Република Северна Македонија, односно соодветен документ издаден од надлежен орган од земјата каде е регистриран правниот субјект.

Б) за физички лица

2. Копија од лична карта или патна исправа.

IV. РОК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

За учество на јавното наддавање, учесниците се должни електронски да се пријават до истекот на 11-от ден, сметано од денот на објавување на објавата во дневните весници и на интернет страницата, односно **до 23.11.2026 година**.

Комисијата на подносителите кои во системот за електронско јавно наддавање се пријавиле со комплет документи во прилог, во рок од 3 дена од истекот на времетраењето на

објавата ќе им достави корисничко име и шифра за учество во јавното наддавање, а на подоситените на пријавите кои не доставиле комплетна документација им доставува известување со образложение дека нема да учествуваат во јавното наддавање.

V. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

1. Јавното наддавање се спроведува во согласност со одредбите од член 26 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19, 122/21 и 193/25).
2. За да се одржи јавното наддавање потребно е да има најмалку еден учесник.
3. За најповолен понудувач на јавното наддавање се смета учесникот кој понудил последна цена која претставува највисока цена за продажба на движните ствари.
4. Најповолниот понудувач е должен во рок од 15 дена од приемот за писменото известување за избор да уплати средства согласно постигнатата крајна цена од наддавањето, во спротивно нема да се пристапи кон склучување на договор, а банкарската гаранција за сериозност на понудата ќе биде активирана и понудувачот во период од 1 година нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметната движна ствар.
5. Со најповолниот понудувач ќе се склучи договор за продажба во рок од 15 работни дена по извршената уплата на цената за движната ствар– патничко моторно возило. Сите трошоци (данок, заверка и слично) кои ќе произлезат во врска со преносот на сопственоста на возилото ќе ги сноси купувачот – најповолниот понудувач.
6. Учесниците на јавното наддавање имаат право на приговор само по однос на постапката на јавното наддавање. Приговорот се доставува до Комисијата во рок од 3 дена од денот на одржувањето на јавното наддавање. Комисијата одлучува по приговорот со решение во рок од 5 дена од приемот на приговорот. Против решението на Комисијата може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

VI. ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦА НА КОЈА ЌЕ СЕ ОДРЖИ ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

Јавното наддавање ќе се изврши електронски на следната интернет страница:

www.e-aukcii.finance.gov.mk

Јавното наддавање за патничкото моторно возило Renault Laguna, ќе се изврши по пат на електронско јавно наддавање на ден 24.11.2026 година, со почеток во 12.00 часот.

Комисија за продажба на движни ствари на

Државен архив на Република Северна Македонија